**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
**ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД**

# ИЗВЕШТАЈ

## за напредокот на активности за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 во 2021 година

***(Согласно член 30 став 3 од Секторскиот договор)***

**Деветти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 година**

**Декември 2021 година**

## СОДРЖИНА

**I. ВОВЕД** ....... **Error! Bookmark not defined.**

**II. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ** ....... **Error! Bookmark not defined.**

**1. Организирање (онлајн или со физичко присуство) на ИПАРД информативни и едукативни денови преку промовирање успешни примери, во врска со објави на јавни повици.** ....... **Error! Bookmark not defined.**

**2. Доставување на директни информации** .... **Error! Bookmark not defined.**

**3. Појавувања во национални и локални медиуми** ... **Error! Bookmark not defined.**

**4. Објавување листа на крајни корисници на ИПАРД Програмата 2014-2020** ....... **Error! Bookmark not defined.**

**5. Изработка и дистрибуција на Барања за користење на средства, упатства, брошури и постери посветени на програмата ИПАРД 2014-2020** ....... **Error! Bookmark not defined.**

**6. Креирање и објавување аудио и видео клипови** .. **Error! Bookmark not defined.**

**7. Ажурирање на веб страницата на www.ipard.gov.mk** ....... 8

***Прилог 1: Годишен акциски план за публицитет и комуникација на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2021 година*** ....... **Error! Bookmark not defined.**

***Прилог 2: Посетителите на веб-страницата на ИПАРД*** ....... 9

***Прилог 3: Медиуми за ИПАРД - Прес клипинг*** ....... **Error! Bookmark not defined.**

***Прилог 4: Листи на крајни корисници*** ....... **Error! Bookmark not defined.**

***Прилог 5: Видео спот за мерка 7 Диверзификација на фармите и развој на бизнисот*** ....... **Error! Bookmark not defined.**

Забелешка:
Доколку интернет линковите во извештајот не можат да се отворат со Ctrl+Click, копирајте ги на интернет пребарувачот

# I. ВОВЕД

Активностите кои се поврзани со публицитетот на ИПАРД Програмата 2014-2020 се предвидени во Годишниот акциски план за публицитет и комуникација на ИПАРД Програмата за 2021 година Конкретните цели на планот за публицитет се: доставување квалитетни информации до целните групи за да се промовираат можностите понудени од помошта на Европската Унија и нашата земја, да ги промовира резултатите од имплементацијата на ИПАРД Програмата, да го зголеми бројот на квалитетни апликации и да ја подигне свеста кај пошироката јавност за придонесот од Европската унија.

Активностите наведени подолу, се спроведуваат во согласност со Годишниот акциски план за публицитет и комуникација на ИПАРД Програмата за 2021 година (Прилог 1) во согласност со протоколите за физичко присуство или преку електронска комуникација со цел исполнување на барањата кои ги налага глобалната пандемија. Планираните активности се однесуваат посебно на:

- Организирање (on-line или со физичко присуство) на ИПАРД инфо едукативни денови преку промовирање на успешни примери;
- ИПАРД форуми (on-line или со физичко присуство) за поуспешна имплементација на ИПАРД Програмата 2014-2020 година;
- ИПАРД работилници (on-line или со физичко присуство) за подготовка на ИПАРД формулари за аплицирање, објавување јавни повици
- Настапи/интервјуа во електронски медиуми и весници;
- Објавување на листата на крајни корисници на средства од ИПАРД Програмата;
- Изработка и дистрибуција на формулари за аплицирање и насоки посветени на ИПАРД 2014-2020;
- Подготовка и дистрибуција на брошури посветени на публицитетот на ИПАРД 2014-2020;
- Креирање и објавување аудио и видео клипови;
- Ажурирање на веб-страницата: www.ipard.gov.mk

Институциите одговорни за спроведување на горенаведените активности во согласност со нивните надлежности и функции се следните: Тело за управување со ИПАРД при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР).

# I. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

## 1. Организирање (on-line или со физичко присуство) на ИПАРД информативни и едукативни денови преку промовирање успешни примери во врска со објава на Јавни повици.

Организирањето на информативните и едукативните денови на ИПАРД Програмата се одвиваа во период пред и за време на објавените Јавни повици за конкретна мерка. Во овој период од мај до декември 2021 година (периодот помеѓу два состаноци на Комитетот за следење) институциите одговорни за спроведување на планот за публицитет, организираа и реализираа 9 (девет) инфо дена во врска со Јавниот повик 01/2021.

Предходната најавата за Јавниот повик за мерка 7 од ИПАРД Програмата 2014-2020 беше објавена на 30 април 2021 година, а Јавниот повик беше објавен на 7 јули 2021 година и траеше до 06 септември 2021 година.

На 30 април 2021 година беше објавен „Претходен оглас/најава за објавување на Јавен повик 01/2021 за поднесување на Барања за користење на средства од петтата компонента на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија (ИПАРД Програмата 2014-2020)“ во однос на мерката 7 Диверзификација на фармите и развој на бизнисот. Најавата може да се најде на веб-страницата на Телото за управување со ИПАРД на следниот линк:

ПРЕТХОДНА НАЈАВА за објавување на Јавен повик 01/2021 за доставување на барања за користење на средства од петтата компонента на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија (ИПАРД Програмата 2014-2020) - ИПАРД - (ipard.gov.mk)

Објавениот Јавен повик 01/2021 беше достапен на порталите на следните линкови:
https://lider.mk/objaven-posledniot-javen-povik-od-programata-ipard-2/
https://www.biznisvesti.mk/objaven-posledniot-javen-povik-od-programata-ipard-2/
https://kanal5.com.mk/vlada-objaven-nov-povik-od-ipard-ii-na-raspolaganje-9-6-milioni-evra/a482967
https://lokalno.mk/objaven-nov-povik-od-ipard-ii-na-raspolagane-9-6-milioni-evra-za-proekti-preku-merka-7/
http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/default_mak.asp

Активностите за публицитет во врска со Јавниот повик 01/2021 за мерката 7 „Диверзификација на фармите и развој на бизнисот“ беа спроведени во јули и август во следните општини: Берово, Кочани, Охрид, беа посетени и околните општини Вевчани, Маврово, потоа Ресен, Крушево, Кратово и Демир Капија. Во наведените општини, повеќе целни групи, како пошироката јавност и руралното население, потенцијалните корисници на мерката 7 „Диверзификација на фармите и развој на бизнисот“, беа информирани за можностите за финансирање со овој последен Јавен повик во рамките на ИПАРД Програмата 2014-2020 година.

Табелата подолу покажува повеќе информации за тоа каде и кога се одржуваа информативните денови.

| ***Бр..*** | ***Населено место*** | ***датум*** | ***време*** | ***мерка*** | ***локација*** |
|---|---|---|---|---|---|
| *1* | *Кочани* | *26 јули 2021 (понеделник)* | *11.00h* | *мерка 7* | *Мултикултурен центар во Кочани* |
| *2* | *Берово* | *26 јули 2021 (понеделник)* | *14.00h* | *мерка 7* | *Бизнис инкубатор во Берово* |
| *3* | *Охрид* | *28 јули 2021 (среда)* | *11.00h* | *мерка 7* | *Сала за состаноци во општина Охрид* |
| *4* | *Вевчани* | *28 јули 2021 (среда)* | *13.00h* | *мерка 7* | *Сала за состаноци во општина Вевчани* |
| *5* | *Маврово* | *30 јули 2021 (петок)* | *11.00h* | *мерка 7* | *Салата за сотаноци во ЈП Национален парк Маврово* |
| *6* | *Ресен* | *3 август 2021 (вторник)* | *11.00h* | *мерка 7* | *Сала за состаноци во општина Ресен* |
| *7* | *Крушево* | *3 август 2021 (вторник)* | *14.00h* | *мерка 7* | *Горна зграда на училиштето* |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Никола карев во Крушево |
| 8 | Кратово | 5 август 2021 (четврток) | 11.00h | мерка 7 | Сала за состаноци во Кратово |
| 9 | Демир Капија | 10 август 2021 (вторник) | 10.00h | мерка 7 | Домот на културата во Демир Капија |

Инфо деновите се реализираа во координација помеѓу Телото за управување со ИПАРД и ИПАРД Агенцијата (АФПЗРР). Можностите кои ги нуди ИПАРД, особено мерката 7, беа елаборирани пред пошироката публика, од претставници од двете институции и инфо денови ги следеа повеќе од 140 учесници. Имајќи ја предвид моменталната состојба со пандемијата, инфо деновите беа организирани со почитување на актуелните здравствени протоколи кои важеа во тој период.

Информациите за планираните активности за публицитет беа доставени до стопанските комори, занаетчиските и други здруженија, портали, земјоделски задруги, мрежата за рурален развој, Националната федерација на фармери и други институции, по електронска пошта, и од нив беше побарано да ја достават оваа информација до нивните членови и/или да ја објават на нивните веб-страници. Општата јавност и потенцијалните корисници на ИПАРД фондовите, се охрабруваа да поставуваат прашања преку електронска пошта или телефонски повици во врска.мерка 7 Диверзификација на фармите и развој на бизнисот

## 2. Доставување на директни информации

Согласно член 12 став 3 од Спогодбата склучена помеѓу Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Телото за управување со ИПАРД за спроведување на ИПАРД Програмата, Агенцијата доставува месечни извештаи за промотивните активности на Агенцијата. Доставувањето на информациите, по телефон и електронска пошта, до потенцијалните корисници се врши континуирано, односно во телефонскиот центар на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој. Информациите за публицитетот дава и Телото за управување со ИПАРД преку електронска пошта, телефонски и во просториите на Секторот за управување со ИПАРД Во последните неколку месеци примени се над 150 повици и поставени повеќе од 38 прашања.
Прашањата кои беа поставени на веб-страницата на Агенцијата се однесуваат на објавувањето на последниот Јавен повик 01/2021 за мерката 7 и другите мерки од ИПАРД Програмата. Најчесто поставените прашања се поврзани со приоритетните сектори, дали здруженијата на пчелари се подобни за апликанти, каде може да се најде комплетот од документи за аплицирање, кој има право да аплицира и кои се прифатливите инвестиции, прашања за обновливите извори на енергија, прифатливи расходи за сите три мерки и многу други поврзани со мерките од ИПАРД Програмата. Потенцијалните корисници се интересираат кога ќе се усвои ИПАРД III Програмата и кога ќе биде објавен првиот Јавен повик, и кои се новостите поврзани со мерките од ИПАРД Програмата 2021-2027 година.
Прашањата и одговорите поставени од заинтересираните страни, по електронска пошта и на организираните настани,, се објавени на веб-страниците на Телото за управување и ИПАРД Агенцијата (АФПЗРР).
Повеќе информации може да се видат во делот Често поставувани прашања и одговори во врска со ИПАРД 2014-2020 на линкот: http://ipard.gov.mk/mk/cpp/ и http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/default_mak.asp/ во делот „ИПАРД Програма 2014-

2020/ Прашања за ИПАРД реклами“, за сите доставени прашања и http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/default_mak.asp во делот „ИПАРД Програма 2014-2020/ ИПАРД дневни прашања“, за секојдневно поставувани прашања и одговори.

## 3. Појавувања во национални и локални медиуми

Во овој период имаше доволен број на појавувања, соопштенија и интервјуа на националните и локалните радио и телевизиски канали како и дневните весници и интернет порталите (повеќе од 160 соопштенија за печатот).

Најголем дел од огласите се однесуваат на Јавниот повик 01/2021 за мерка 7 Диверзификација на фарми и развој на бизнисот. Во врска со соопштенија и интервјуа, официјално лице ИПАРД Агенцијата имаше 1(едно) интервју за МИА (Македонска информативна агенција) кое беше емитувано во повеќе медиуми.

Дел од соопштенијата за печат може да се погледнат на следните линкови:
https://frontline.mk/2021/05/07/zaev-rabotime-za-podobruva-e-na-ekonomskata-i-soci-alna-polozhba-na-zem-odelkite-vazhno-e-da-se-koristat-merkite-od-ipard-programata-so-cel-osovremenuva-e-na-zem-odelskoto-proizvodstvo/
https://www.brif.mk/objaven-javniot-povik-za-merka-7-od-ipard-ii-programata-eve-koi-se-uslovite-i-za-koi-prioritetni-sektori-mozhete-da-aplitsirate/
https://sitel.com.mk/zemjodelcite-dobija-mozhnost-za-koristenje-na-96-milijardi-evra-od-ipard-2-programata
https://novatv.mk/ipard-info-denovi-za-diverzifikatsija-na-farmi-i-razvoj-na-mali-biznisi/
https://makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=423099
Бизнисмените од Кочани и Берово со голем интерес за аплицирање за мерка 7 „Диверзификација на фарми и развој на мали бизниси" - 24 Инфо (24info.mk)
https://opserver.mk/makedonija/opstini/golem-interes-za-apliciranje-za-merka-7-diverzifikacija-na-farmi-i-razvoj-na-mali-biznisi-vo-berovo/
https://www.ohridnews.com/info-den-za-ipard-programata-vo-opshtina-ohrid/
https://frontline.mk/2021/09/07/afpzrr-pristignati-se-198-aplikacii-za-merka-7-diverzifikaci-a-na-farmi-i-razvo-na-mali-biznisi-od-ipard-2-programata/
https://nezavisen.mk/debata-za-predizvicite-vo-programiranjeto-i-realizacijata-na-programata-ipard-iii-2021-2027/
https://opserver.mk/biznis/debata-da-se-vovede-rodovo-odgovorno-budzhetiranje-vo-programite-za-ruralen-razvoj-i-vo-planiranjeto-na-ipard-3/
https://makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=432946

На медиумите континуирано се објавуваат, соопштенија и информации за ИПАРД Програмата. .Прилог 3 прикажува дел од материјалот поврзан со ИПАРД Медиуми - Прес клипинг. Поради бројноста на објавите во печат, даден е дел од материјалот.

## 3. Објавување листа на крајни корисници на Програмата ИПАРД 2014-2020

Согласно Акцискиот план за комуникација и публицитет за 2021 година, активноста за објавување листа на крајни корисници на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020 година, ја спроведува АФПЗРР како одговорно тело за реализација на оваа активност. Листата на крајни корисници се објавува квартално на веб-страницата на Агенцијата (Прилог 4) на следниот линк http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/default_mak.asp

Објавените листи на исплати реализирани во вториот квартал и третиот квартал од 2021 година се: (со кликнување на ексел документот се отвора списокот на исплатени средства)

**Реализирани исплати на средства од ИПАРД II Програмата за период 05.04.2021 до 07.07.2021**
[ мк]

**Реализирани исплати на средства од ИПАРД II Програмата за период 07.07.2021 до 04.10.2021**
[ мк]

## 4. Подготовка и дистрибуција на формулари за аплицирање, упатства, брошури и постери посветени на програмата ИПАРД 2014-2020

Печатените Упатства што беа дистрибуирани за време на кампањата за публицитет се отпечатени со претходно реализираниот договор за Публицитет (набавен врз основа на ПРАГ прирачникот), додека променетите упатствата и Барањата за користење на средства, во врска Јавниот повик 01/2021, беа испечатени на трошок на Министерството (МЗШВ). За мерката 7 од ИПАРД програмата дополнително беа испечатени вкупно 990 документи како упатства, Барања за користење на средства и брошури кои ги опфаќаат последните измени во документите и материјалите за публицитет.
Материјалите што се испечатени за Јавниот повик се:
Барања за користење на средства за мерка 7 – 300 примероци
Упатства за корисници на средства – 300 примероци
Брошури на македонски и албански јазик – 390 примероци
Материјалите се достапни на следниот линк:
Мерка 7: ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА НА ФАРМИТЕ И РАЗВОЈ НА БИЗНИСИ - ИПАРД - (ipard.gov.mk)
Материјалите, останати од претходната кампања за публицитет кои не претрпеа променети, беа искористени за информирање на сите засегнати страни за време на Јавниот повик 01/2021 за диверзификација на фарми и развој на бизнисот. Конечната верзија на Упатството и Барањето за користење на средствата се објавени на веб-страницата на Телото за управување со ИПАРД www.ipard.gov.mk

## 5. Креирање и објавување аудио и видео спотови

Во однос на Јавниот повик 01/2021, нови видеа и аудио-снимки не се подготвуваа, и претходно објавените видеа се користеа за зајакнување на кампањата за публицитет. Во рамките на претходната Кампања за публицитет на ИПАРД програмата 2014-2020, беа подготвени три видеа кои се однесуваа на три акредитирани мерки и тоа 1, 3 и 7. Видео спотот за мерката 7- Диверзификација на фарми и развој на бизнисот е изготвен во соработка со два успешни проекти од ИПАРД Програмата и тоа: фабрика за производство на козметика Галениус ДОО Визбегово и Кораб Трница - сместувачки капацитет во Трница.
Видеата за сите мерки може да се видат на веб-страницата на Телото за управување со ИПАРД (Прилог 5 од извештајот прикажува слики од видеото за мерка 7) на македонски јазик и во исто време со англиски превод на англиската верзија на веб-страницата: http://ipard.gov.mk/mk/pocetna/

## 6. Ажурирање на веб-страницата www.ipard.gov.mk

Веб-страницата www.ipard.gov.mk редовно и континуирано се ажурира со информации и новости во врска со Јавниот повик 01/2021, инфо денови, нацрт верзијата на ИПАРД III Програмата, Извештајот за Екс-анте евалуација на ИПАРД Програмата 2021-2027 – во подготовка и уште многу корисни информации.
Соопштенијата за информативните и едукативните денови беа објавувани континуирано во времетраење на јавниот повик. Новите Упатства во врска со мерката 7 Диверзификација на фармите и развој на бизнисот, се објавени на веб-страницата (погоре споменати во Извештајот) на следниот линк:
Мерка 7: ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА НА ФАРМИТЕ И РАЗВОЈ НА БИЗНИСИ - ИПАРД - (ipard.gov.mk)

Најавите за информативните денови се достапни на линкот на веб-страницата: https://ipard.gov.mk/mk/category/edukativna-kampanja/info-denovi/ и почетна страница во “соопштенија и новости”.
Нацрт-програмата ИПАРД III е објавена на веб-страницата, а во истото мени е објавен и извештајот за Ex-ante евалуација на ИПАРД Програмата 2021-2027. За повеќе информации следете го линкот: https://ipard.gov.mk/en/draft-ipard-2021-2027-programme/
Промени на интернет страницата се направени во подменито -дел од главното мени за Мониторинг на ИПАРД 2014-2020, каде што е додаден нов дел, именуван “Извештаи и табели со индикатори”. Во овој дел се објавуваат Годишните извештаи за имплементација и табелите со индикатори за мониторинг и евалуација на ИПАРД II.
Во периодот од мај до ноември 2021 година, веб-страницата дава статистика за посетеност која е прикажана во Анекс 2, Статистиката ги бележи следниве податоци, и тоа:

- Корисници на веб-страница 10.539,
- Нови корисници 9.909,
- Вкупно прегледи на страници 44.576.

Веб-страницата е посетена од многу заинтересирани странки од различни земји, од нашата земја, земјите во регионот и пошироко. Графичкиот приказ, прикажан во Анекс 2, покажува дека период кога посетеноста расте е периодот по објавувањето на Јавниот повик 01/2021.
Веб-страницата http://ipard.gov.mk/mk/pocetna/ редовно се ажурира со информации, соопштенија и новости поврзани со активностите за спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020.

## Прилог 1: Програма ИПАРД 2014-2020 Годишен акциски план за публицитет и комуникација за 2021 година

| Активност | Одговорност | Цели за реализација | Распоред за 2021 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| Организација на ИПАРД инфо едукативни денови со промовирање на успешни примери (on-line или физичкоприсуство) | ТУ ИПАРД | 30 | | | | | | | | | | | | |
| ИПАРД форум за поуспешно спроведувањето на ИПАРД 2014 – 2020 | ТУ ИПАРД | 1 | | | | | | | | | | | | |
| ИПАРД работилници за изготвување на ИПАРД барања и најава на Јавни Повици | ТУ ИПАРД и АПРЗ | 1 | | | | | | | | | | | | |
| Појавувања/ прилози во пишани и електоронски медиуми | ТУ ИПАРД и АФПЗРР | 200 | | | | | | | | | | | | |
| Објавување на листата на крајни корисници | АФПЗРР | 1 | | | | | | | | | | | | |
| Изработка и дистрибуција на Барања за користење на средства и Упатства посветени на ИПАРД 2014 – 2020 | ТУ ИПАРД и АФПЗРР | 500 | | | | | | | | | | | | |
| Изработка и дистрибуција на брошури посветени на промоција на ИПАРД 2014 – 2020 | ТУ ИПАРД и АФПЗРР | 500 | | | | | | | | | | | | |
| Изработка и објава на книга-илустрирана едиција за успешни примери на ИПАРД проекти за програмскиот период ИПАРД 2014 – 2020 | ТУ со ИПАРД | 1000 | | | | | | | | | | | | |
| Изработка и објава на аудио и видео спотови | ТУ со ИПАРД | 1 | | | | | | | | | | | | |
| Ажурирање на веб страница ipard.gov.mk | ТУ со ИПАРД | 1 | | | | | | | | | | | | |

***Прилог 2: Посетителите на веб-страницата на ИПАРД***




| | Country | Users | % Users |
|---|---|---|---|
| 1. | North Macedonia | 8,843 | 83.81% |
| 2. | Indonesia | 384 | 3.64% |
| 3. | United States | 289 | 2.74% |
| 4. | China | 208 | 1.97% |
| 5. | Germany | 77 | 0.73% |
| 6. | Serbia | 57 | 0.54% |
| 7. | Albania | 55 | 0.52% |
| 8. | Hong Kong | 47 | 0.45% |
| 9. | Ireland | 41 | 0.39% |
| 10. | Netherlands | 40 | 0.38% |

***Прилог 3: Медиуми за ИПАРД - Прес клипинг***

7.8 °C Skopje 22/11/2021 Импресум Маркетинг Услови за користење

НЕЗАВИСЕН весник



ПОЛИТИКА МАКЕДОНИЈА ЕКОНОМИЈА СВЕТ КОЛУМНИ ФЕЉТОН КУЛТУРА СЦЕНА СПО

дома > Економија > Дебата за предизвиците во програмирањето и реализацијата на програмата ИПАРД III (2021...

Економија

# Дебата за предизвиците во програмирањето и реализацијата на програмата ИПАРД III (2021 – 2027)

29/09/2021 07:39



Националната конвенција за Европската Унија во Северна Македонија денеска на платформата Зум, ќе биде домаќин на Работната група 1 – Земјоделство и рурален развој (Поглавје 11), која ќе ја одржи деветтата сесија на тема „Предизвици во програмирањето и реализацијата на програмата ИПАРД III (2021 – 2027)", во организација на Европското движење.

На темата воведни обраќања, како што најави Европското движење, ќе имаат заменик-министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Трајан Димковски и директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Никица Бачовски.


NOVA
ИПАРД инфо денови за диверзификација на фарми и развој на мали бизниси


MP MakPress
ОД ПОНЕДЕЛНИК ПОЧНУВААТ ИПАРД ИНФО ДЕНОВИТЕ ЗА ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА НА ФАРМИ И РАЗВОЈ НА МАЛИ БИЗНИСИ
appetite&weight control
МИА



NOVEMBER 22, 2021

ОПСЕРВЕР

ВЕСТИ | БИЗНИС И ЕКОНОМИЈА | СТАВ | ИНТЕРВЈУА | КОЛУМНИ | СПОРТ

ИНФОРМАЦИИ | ИЗДВОЈУВАМЕ | КУЛТУРА | АНКЕТА

HOME › БИЗНИС И ЕКОНОМИЈА › Дебата: Да се воведе родово-одговорно буџетирање во програмите за рурален развој и во планирањето на ИПАРД 3

# Дебата: Да се воведе родово-одговорно буџетирање во програмите за рурален развој и во планирањето на ИПАРД 3

October 15, 2021 Бизнис и економија

– Од жените во руралните средини, 58 отсто немаат лични примања што е двојно повеќе од мажите. Руралните жени не се вклучени во одлучувањето на локалната заедница поради финансиската зависност од мажите, како и поради стереотипите и предрасудите, не се информирани, немаат дигитални вештини, а 81 процент не аплицирале никогаш за ИПАРД. Многу од нив не се запознаени воопшто со мерките, ниту со државните програми за поддршка и сметаат дека поднесувањето барања до институтуциите е комплициран процес.

скуство на нашата веб страна. Со кликање на "Прифати ги сите" се согласувате на користење на сите ко

ЗА НАС ИМПРЕСУМ МАРКЕТИНГ УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ КОНТАКТ

Brif

ДОМА МАКЕДОНИЈА АГРО БРИФ ЕКОНОМИЈА СВЕТ ХРОНИКА

МЕБЕЛ-ВИ 24 години со

## Објавен Јавниот повик за Мерка 7 од ИПАРД II програмата – Еве кои се условите и за кои приоритетни сектори можете да аплицирате

Like 4 Tweet July 8, 2021 10:35




Like 4 Tweet

Врз основа на член 9 став 1 точка 6 од Законот за ратификација на Секторската спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Европската комисија за воспоставување на одредби за управување и спроведување на финасиската помош на Унијата за Република Македонија според Инструментот за претпристапна помош во областа на политиките за „Земјоделство и рурален развој" (ИПАРД)

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој денес 08 јули 2021 година објавува

ЈАВЕН ПОВИК бр.01/2021 за доставување на барања за користење на средства по мерка 7 " Диверзификација на
фарми и развој на бизниси" од ИПАРД Програмата 2014-2020

Финансиската поддршка за овој Јавен повик е составена од 75% средства обезбедени од Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија (ИПАРД) согласно Финансиската Спогодба 2014-2020 и 25% средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија.

Финансиски средства по поединечно барање се доделуваат како неповратна финансиска поддршка (грант) во износ од:
– 65% од вредноста на вкупно прифатливите трошоци на инвестициите за мерка 7 –

***Прилог 4: Листи на крајни корисници***



***Прилог 5 Видео клипови за мерка Диверзификација на фармите и развој на бизнисот***




